# Известување за концентрациjа со коjа ХЕЛИОС, Словениjа ќе стекне контрола над дел од Гудмарк Груп д.о.о, Србиjа
# (предмет бр. 08-124/2021)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренциjата („Службен весник на Република Македониjа“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.11.2021 година, година до Комисиjата за заштита на конкуренциjата е доствено известување за концентрациjа со коjа ХЕЛИОС сестављено подjетjе за капиталске наложбе ин развоj д.о.о. со седиште на Количево 2, 1230 Домжале, Словениjа стекнува индиректна контрола над дел од Гудмарк Груп д.о.о Шабац, со седиште на Хаjдук Вељкова бб, Шабац, Србиjа и залиха од Гудмарк Гроуп ДООЕЛ Скопjе, со седиште на Митрополит Теодосиj Гологанов бр.60, Скопjе, Република Северна Македониjа.

## Учесници во концентрациjата и нивни деловни активности:

**Групациjата Хелиос** е производител на премази во Југоисточна Европа со седиште во Словениjа. Тоа е холдинг друштво во целосна сопственост на Кансаи Хелиос Коутингс ГмбХ (Кансаи Хелиос), коjа пак е контролирана од Кансаи Паинтс. Кансаи Хелиос е присутна низ западна, централна и источна Европа. Неjзини работни единици има во Австриjа, Италиjа и Германиjа, каде се произведуваат стоки кои се главно наменети за продажба на потрошувачи од западноевропскиот пазар. Групациjата Хелиос поседува производствени капацитети во Словениjа, Хрватска, Србиjа, Украина и Русиjа.
Групациjата Хелиос е производител на премази.

**Гудмарк** е основано 1975 година по назив Зорка –Преработувачка хемиjа. Во 2002 година Зорка е купена од финската група Тиккурила и до краjот на 2017 година, Тиккурила стекна 100% од основната главнина и единствена контрола над Зорка. Компаниjата оттогаш работи под името Гудмарк д.о.о Шабац.

Подносителот смета дека како релевантен пазар би можел да се дефинира пазар на производство и/или снабдување на: декоративни премази и индустриски премази во република Северна Македониjа.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисиjата утврди дека предметната концентрациjа може да потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренциjата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисиjата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрациjа до Комисиjата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиj“ бр.54, Скопjе или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисиjата во рок од 10 дена од денот на обjавување на ова известување.*

30.11.2021 година
Скопjе